# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**Сл.Весник на Р.Македонија бр.25 од 02.03.2007 година**

### Член 1

Во Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" број 95/2005), во членот 2 точката 27 се менува и гласи:
"27. "Приватна понуда" е понуда за запишување и уплаќање на хартии од вредност, која е упатена на не повеќе од 20 лица кои не се акционери во акционерското друштво, освен приватната понуда од членот 27 точка 6 на овој закон, кои се поединечно именувани во актот за издавање на хартии од вредност или се однесува само на институционални инвеститори;".

### Член 2

Насловот на Главата IX "Казнени одредби" се менува и гласи: "IX. Прекршочни санкции".

### Член 3

Во членот 233 став (1) воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице (акционерско друштво и командитно друштво со акции) издавач на хартии од вредност, ако:".
Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице - друштво од ставот (1) на овој член."

### Член 4

Во членот 234 став (1) воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице -депозитар, ако:".
Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице - депозитар."

### Член 5

Во членот 235 воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на сопственик на хартии од вредност, ако:".

### Член 6

Во членот 236 став (1) воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице -берза, ако:".
Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице - берза."

**Член 7**

Во членот 237 зборовите: "Со парична казна од 10.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок вработен во депозитар и берза " се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на вработен во депозитар и берза."

**Член 8**

Во членот 238 став (1) воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на брокерска куќа, ако:".

Ставот (2) се менува и гласи:

"Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во брокерската куќа."

Ставот (3) се менува и гласи:

"Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на брокерот во брокерската куќа."

**Член 9**

Во членот 239 став (1) зборовите: "Со парична казна во износ од 10.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок физичко лице " се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице".

Во ставот (2) зборовите: "Со парична казна во износ од 100.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правно лице " се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице".

**Член 10**

Членот 240 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице кое постапува спротивно на членот 105 став (1) од овој закон."

**Член 11**

Во членот 241 став (1) воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото за инвестиционо советување, ако:".

Ставот (2) се менува и гласи:

"Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во друштвото за инвестиционо советување."

**Член 12**

Во членот 242 став (1) воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на акционерското друштво со посебни обврски за известување, ако:".

Ставот 2 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на физичко лице."

**Член 13**

Во членот 243 став (1) воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во износ од

4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност или друго правно лице во работењето со хартии од вредност, ако: ".
Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

**Член 14**

Во членот 244 зборовите: "Со парична казна во износ од 10.000 до 50.000 денари ќе се казнат за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на".

**Член 15**

Во членот 245 зборовите: "Со парична казна во износ од 10.000 до 50.000 денари ќе се казнат за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на".

**Член 16**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".